РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО 2013 ГОДИНА

Мај 2014

## СОДРЖИНА


*ВОВЕД*------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 4

*I.СТАТУС, НАДЛЕЖНОСТИ И БУЏЕТ НА ДКСК* ------------------------------------------------------------ 6

*I.1. СТАТУС*---------------------------------------------------------------------------------------------------------------6

*I.2. НАДЛЕЖНОСТ*----------------------------------------------------------------------------------------------------7

*I.3. БУЏЕТ НА ДКСК* ------------------------------------------------------------------------------------------------8

*II. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА* --------------------10

*II.1. ДРЖАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА И ДРЖАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ СО АКЦИОНЕН ПЛАН 2011 - 2015 ГОДИНА*------------------------------------------------------ 10

**II.1.1. Активности на ДКСК во насока на остварување на Државната програма** 10

**II.1.2. Согледувања за реализацијата на активностите и индикаторите на активност од Државната програма во целина и по одделни сектори** -------------------------- 12

*II.2. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА КОРУПЦИЈАТА* ------------------------------- 24

**II.2.1. Иницијативи за поведување постапка за кривично гонење согласно со членот 49 став 1 алинеја 6 од Законот за спречување на корупцијата**------------------------- 26

**II.2.2. Постапување во спречувањето на корупцијата во политиката - Локални избори 2013 година**---------------------------------------------------------------------------------------- 30

**II.2.3. Финансиски извештаи - Локални избори 2013 година** ---------------------------- 31

*II.3. СЛЕДЕЊЕ НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА*----------------------- 32

*III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ* ---------------35

*III.1. РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ*--------------- 35

*III.2. ИЗЈАВИ ЗА ИНТЕРЕСИ* ----------------------------------------------------------------------------- 36

*III.3. ИЗВРШЕНИ ПРОВЕРКИ НА ПОДНЕСЕНИТЕ ИЗЈАВИ ЗА ИНТЕРЕСИ*-------------- 37

*IV. РАБОТА НА ПРОЕКТИ* ------------------------------------------------------------------------------- 39

*IV.1. ТВИНИНГ-ПРОЕКТ ИПА 2010 „ПОДДРШКА ЗА ЕФИКАСНА ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА“* ------------------------------------------------------------------------- 39

*IV.2. ПРОЕКТ „ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ПОЛИТИКА“*------------------------------------------- 41

*IV.3. ПРОЕКТ „ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ НА НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО“* --------------------------------------------------------------------- 42

*IV.4. ПРОЕКТ „АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА“*-------------------------------------------------------------------------------------------- 42

*V. ЕДУКАЦИЈА* ------------------------------------------------------------------------------------------- 44

*VI. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА*------------------------------------------------------45

*VI.1. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ СО НАДЛЕЖНОСТИ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ - ПОТПИСНИЦИ НА ПРОТОКОЛ ЗА СОРАБОТКА* ---------------------------------------------------------------------------------------------------------- 45

*VI.2. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ*------------------------------------------ 46

*VII. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ---------------------------------------------------------------------------------- 48*
*VIII. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ------------------------------------------------------------------------------------- 49*
*ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА----------------------------------------------------------------------------------51*

## *ВОВЕД*

Почитувани,

Извештајот за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2013 година, којшто е пред Вас, произлегува од законската обврска за поднесување годишен извештај до Собранието на Република Македонија, а ги одразува надлежностите утврдени во членот 49 од Законот за спречување на корупцијата и членот 21 од Законот за спречување судир на интереси, за чие спроведување е надлежна Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК). Извештајот ја прикажува работата врз секоја од надлежностите на ДКСК и резултатите на нејзината работа и активностите во 2013 година.

Во извештајната 2013 година ДКСК продолжи доследно да ги остварува своите законски надлежности во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси во рамките на законите и со овластувањата што ѝ се ставени на располагање, работејќи како на планот на превенцијата, така и на полето на репресијата на овие општествено штетни појави.

Значаен дел од работата на ДКСК беше насочен кон постапување во врска со локалните избори во 2013 година така што низ процес на непосредно давање мислење и сугестии кон државните органи и другите институции на централно и на локално ниво, како и кон поединци, ДКСК оствари значаен удел на планот на превенцијата на прекршувањето на законските норми од изборната сфера. За одбележување исто така е придонесот на ДКСК во процесот на измените на изборната регулатива.

Во 2013 година ДКСК направи подготовка за примена на очекуваните измени во Законот за спречување на корупцијата во поглед на воведувањето на концептот на интегритет со тоа што во единиците на локалната самоуправа се направени серија обуки и се воспоставени алатки за вршењето самопроцена на ризици од корупција и судир на интереси. Со ангажман на ДКСК е утврден работниот текст на измените во законот што се однесуваат на воведувањето на концептот на интегритет и на системската заштита на лицата што пријавуваат корупција и други незаконити и недозволиви однесувања.

2013-та беше втора година од спроведувањето на Државната програма за спречување на корупцијата и на судирот на интереси со Акционен план за периодот 2011-2015 година во која е остварено солидно темпо на реализација

на утврдените активности од 70%. Во Државната програма се утврдени 11 сектори во кои ризиците од корупција и судир на интереси се најизразени. Преку системот на електронско следење на остварувањето на активностите во 11-те сектори опфатени со Државната програма може да се констатира дека промените најбрзо се воведуваат во секторите царина и образование, а најбавно во политичкиот сектор и во секторот медиуми и граѓанско општество.

Во 2013 година се направени сите подготовки за почнување на реализацијата на Проектот ИПА 2010, чиј главен корисник е ДКСК, а со кој значително ќе се подобрат институционалните капацитети на сите други органи и институции во Република Македонија задолжени за спречување на корупцијата.

Извештајот веродостојно и аргументирано ја отсликува работата на ДКСК во сите сегменти на нејзините комплексни законски надлежности и на објективен начин ги презентира остварувањата и резултатите.

Со почит,

Скопје, мај 2014 година

Државна комисија за спречување на корупцијата

**д-р Ѓорги Сламков, претседател**
**Мирјана Димовска, член**
**д-р Фарије Алиу, член**
**Љубинка Муратовска Маркова, член**
**Љубинка Корабоска, член**
**Сејди Хаљиљи, член**
**Зоран Додевски, член**

# I. СТАТУС, НАДЛЕЖНОСТИ И БУЏЕТ НА ДКСК

## I.1. СТАТУС

Државната комисија за спречување на корупцијата е основана во 2002 година согласно со Законот за спречување на корупцијата, донесен во април 2002 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008 и 145/2010), со цел креирање ефикасни антикорупциски политики, јакнење на нормативниот и на институционалниот капацитет на Република Македонија на долгорочни основи, за примена на активности и мерки за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и во политиката, како и на мерки и активности за спречување на судирот на интереси и на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица, поврзано со остварување на јавните овластувања, вклучително и на мерки и активности за спречување на корупцијата во трговските друштва во Република Македонија.

ДКСК е со статус на самостојна и независна институција во извршувањето на надлежностите утврдени и определени со законот, за остварување превентивно – репресивни активности за спречување на корупцијата и судирот на интереси. ДКСК исто така има надлежности за вршење надзор врз спроведувањето на Законот за лобирање.

Основањето на ДКСК произлезе од Казнената конвенција против корупцијата на Советот на Европа од 1999 година (ратификувана од Република Македонија во 2002 година), според која во мерките и активностите во борбата против корупцијата земјите-членки се упатуваат на основање специјализирани и независни антикорупциски тела. Вака преземената обврска е конкретизирана и согласно со Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата ратификувана од Република Македонија во 2007 година, според која нашата земја како членка на Светската организација се обврза на специјализираното антикорупциско тело да му овозможи услови за самостојна и независна работа, да придонесе за материјалната стабилност и оспособувањето на институцијата за ефективно и стручно извршување на функциите, како и да ја заштити од какви било влијанија и притисоци.

Од основањето до денес 7-те члена на ДКСК се именуваат од Собранието на Република Македонија, на кое единствено ДКСК му поднесува годишни извештаи за својата работа. Постојниот состав на ДКСК е именуван на 6 април

2011 година и по прв пат од нејзиното основање членовите функцијата ја остваруваат професионално како редовен работен однос.

Стручните, административните и техничките работи како поддршка на ДКСК ги врши Секретаријат во кој во моментот се вработени 18 стручно оспособени државни службеници.

## I.2. НАДЛЕЖНОСТ

Надлежностите на ДКСК се утврдени во Законот за спречување на корупцијата, Законот за спречување судир на интереси, како и во Законот за лобирање во делот на надзорот врз лобирањето.

Според законски утврдените надлежности, ДКСК:

- донесува стратегиски документи - Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план за реализација;
- иницира и дава мислења за предлог-закони што се од значење за спречување на корупцијата и на судирот на интереси;
- покренува иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско - материјалното работење на политичките партии, синдикатот, здруженијата на граѓани и фондации;
- покренува иницијативи за спроведување постапки за разрешување, распоредување или сменување, како и постапки за утврдување други мерки на одговорност на функционерите и одговорните лица што располагаат со државен капитал;
- покренува иницијативи за поведување постапки за кривично гонење на функционери и одговорни лица што располагаат со државен капитал;
- постапува по предмети од областа на судирот на интереси и иницира изрекување мерки на одговорност при утврден судир на интереси;
- ја евидентира и ја следи имотната состојба и промените во имотната состојба на функционерите и на одговорните лица што располагаат со државен капитал;
- врши надзор врз лобирањето и ги изрекува мерките утврдени во Законот за лобирање;
- подготвува годишен извештај за својата работа и за преземените мерки и активности за спречување на корупцијата и за намалување на појавата на судир на интереси и го поднесува до Собранието на Република Македонија, а

го доставува до претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и до медиумите;

- соработува со државни и меѓународни институции и тела на полето на спречувањето на корупцијата и намалувањето на појавата на судир на интереси;
- спроведува едукација на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови криминал, како и за откривање на судирот на интереси;
- ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за своите резултати во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси;
- извршува други задачи, согласно со законите.

## I.3. БУЏЕТ НА ДКСК

Државната комисија за спречување на корупцијата 2013 година ја започна со буџет од 22.282.000,00 денари. По донесените измени и дополнувања на буџетот на Република Македонија, вклучувајќи го и буџетот на ДКСК во ноември 2013 година, поради недостиг од средства, се одобрени дополнителни средства, со што буџетот на ДКСК во 2013 се зголеми на 24.682.000,00. Недостигот е настанат поради исполнувањето на обврските од налогот за извршување по правосилна судска пресуда. Имено, во април 2013 година со допис бр. 05-2795/2 до Државната комисија за спречување на корупцијата беше доставен налог за извршување врз основа на извршна исправа – правосилна пресуда XXIII П.бр 3133/10 од 2009 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје, преиначена со Пресуда Гж.Бр. 1256/11 од 2011 година на Апелациониот суд Скопје. Со наведената пресуда е завршена постапката поведена со тужба од тројца поранешни членови (од првиот состав на ДКСК), со која имаа побарано и им беше досудена разлика од исплатуваниот месечен надоместок утврден со Одлука бр. 14-4364/1 од 2002 година донесена од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија со износот што произлегувал од Законот за спречување на корупцијата. Со налогот за извршување од сметката на должникот – ДКСК на сметката на извршителот, во име и за сметка на доверителите, е пренесен износ од 1.695.499,00 денари на име на долг за извршни дејства, адвокатски трошоци и главен долг со камата. Со тоа буџетот и функционирањето на ДКСК беа сериозно загрозени. За настанатата ситуација ДКСК ја информира Владата на

Република Македонија, која во средината на јуни донесе заклучок со кој на ДКСК ѝ се ставија на располагање средства во износ од 2.000.000,00 денари.

Крајната реализација на буџетот на ДКСК за 2013 година изнесува 24.105.972,00 денари, односно 97,66 %.

*Процент на распоред на Буџетот на ДКСК по ставки*




За остатокот на средствата во висина од 174.025,00 денари, а врз основа на потпишан договор за реализација на проекти со Амбасадата на Кралството на Норвешка во Република Македонија, ДКСК во јануари 2013 година од Министерство за финансии-Сектор за буџет и фондови побара проширување на буџетот на ДКСК на донаторската сметка за реализација на останатите активности од проектот „Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“.

Исто така, за реализација на дел од активностите во надлежност на ДКСК е обезбедена финансиска поддршка од УНДП, ОБСЕ и Европската комисија преку посебни проекти.

# II. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

## II.1. ДРЖАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА И ДРЖАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И НАМАЛУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ СО АКЦИОНЕН ПЛАН 2011 - 2015 ГОДИНА

### II.1.1. Активности на ДКСК во насока на остварување на Државната програма

Државната комисија за спречување на корупцијата реализирајќи ја првата од своите законски надлежности, во декември 2011 година ја донесе Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2011-2015 (во натамошниот текст: Државна програма).

Преку овој стратегиски документ, ДКСК ја креираше и ја насочи општествената акција како јасно дефиниран непрекинат процес што почива врз подобрување и зајакнување на нормативните и институционалните капацитети, создавање јавна, колективна и поединечна свест за штетноста од корупцијата, нужноста од нејзино препознавање и откривање, како и афирмирање на сите форми на превентивно дејствување напоредно со ефикасното санкционирање. Тоа во суштина истовремено значи зајакнување на одговорноста на сите носители на јавни функции и овластувања, зајакнување на казнената политика и постојано подигање на нивото на владеење на правото.

Државната програма претставува надградување на процесот на планирање на борбата против корупцијата и судирот на интереси, со маркирање на единаесет сектори во општеството што искуствено се покажуваат како ризични подрачја од аспект на овие негативни општествени појави. Така, во Државната програма се утврдени: Сектор I - Политички сектор, Сектор II - Правосудство, Сектор III - Јавна администрација, Сектор IV - Органи за спроведување на законот, Сектор V- Царина, Сектор VI - Локална самоуправа, Сектор VII - Јавен сектор, Сектор VIII - Здравство, труд и социјална политика, Сектор IX - Образование и спорт, Сектор X- Приватен сектор и Сектор XI - Медиуми и граѓанско општество.

Исто така утврдени се активностите и мерките за надминување на проблемите и ризиците, индикаторите за следење на остварувањето на активностите, органите и институциите задолжени за одделни активности, временските приоритети и индикаторите за мерење на ефектите од

преземените активности. Така, во Акциониот план на Државната програма се утврдени 51 проблем/ризичен фактор, 156 активности за надминување на проблемите и ризиците, 221 индикатор за следење на остварувањето на активностите и 156 индикатори на ефективност како особено значаен аспект за мерење на ефикасноста во практиката.

Државната комисија за спречување на корупцијата тргнувајќи од законската надлежност за донесување на Државната програма и својата улога на главен координативен орган во реализацијата на програмските активности, континуирано ја следи реализацијата на антикорупциските политики и активности во целина и поединечно низ посебен систем на следење и анализа на остварувањето на активностите и мерките утврдени во Државната програма.

За таа цел ДКСК од институциите вклучени во реализацијата на програмските активности, преку веб-апликацијата за електронско доставување на податоците, ги собира информациите и податоците за статусот на реализација на активностите, индикаторите на активност и индикаторите на ефективност.

Во смисла на ова, а согласно со планираните активности и утврдената методологија за следење на реализацијата утврдена во Државната програма, ДКСК во почетокот на декември 2013 година го спроведе новиот круг на собирање податоци преку веб-апликацијата, со што го заокружи процесот на следење на реализацијата на активностите за периодот декември 2012-ноември 2013 година и пристапи кон обработка и анализа на добиените податоци.

Државната комисија за спречување на корупцијата не само што го следи остварувањето на Државната програма, туку е и активен субјект во нејзината реализација, со заложба за посилен поттик на надлежните институции за успешно и ефикасно остварување на утврдените активности.

Високот степен на посветеност на ДКСК во наоѓањето сеопфатни решенија за успешно имплементирање на утврдените активности од Државната програма се огледува и во низата активности што ДКСК ги презеде во текот на 2013 година.

Така, на Годишната конференција за оценување на остварувањето на Државната програма, која се одржа во февруари 2013 година, ДКСК преку работата на работните групи за одделни сектори од Државната програма заедно со претставниците од институциите надлежни за реализација на активностите и експертите од областите што секторски се опфатени со програмата, усогласи предлози за подобрување на реализацијата на активностите и за надминување на утврдените проблеми во реализацијата. Како

резултат на ова, во насока на подобрување на реализацијата на активностите, во одделни сектори од Државната програма беа направени одредени измени во роковите на реализација на активностите, надлежните институции и индикаторите на активност.

По одржувањето на Годишната конференција, која се потврди како добра форма за проверка на степенот на реализацијата на Државната програма, беа донесени заклучни согледувања за реализацијата на програмските активности, врз основа на кои ДКСК ги градеше и ги насочуваше своите активности во текот на 2013 година.

Во насока на ефикасна реализација на одредени активности од Државната програма, ДКСК ја продолжи соработката со УНДП-Канцеларијата во Скопје преку реализација на проектот „Поддршка за јакнење на системот на интегритет на национално и локално ниво".

Со Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамките на проектот „Промовирање на принципите на добро владеење во спроведувањето на антикорупциската политика", ДКСК ги продолжи активностите во насока на зајакнување на капацитетите во следењето на тековната состојба и оценувањето на антикорупциските активности во земјата, преку истражување на перцепцијата на граѓаните и квалитативна анализа на антикорупциските мерки во три сектори од Државната програма - политичкиот сектор, приватниот сектор и секторот локална самоуправа. Резултатите ќе се користат како основа за квалитативна оценка на политиките за спречување на корупцијата и на судирот на интереси утврдени во Државната програма, потоа за согледување на мислењето на граѓаните, но и за подобрување на нивната информираност за состојбите со корупцијата.

## II.1.2. Согледувања за реализацијата на активностите и индикаторите на активност од Државната програма во целина и по одделни сектори

Генералните согледувања во однос на остварувањето на Државната програма во целина, за периодот од нејзиното донесување заклучно со ноември 2013 година, се: од предвидените 156 активности, реализирани се 44 или 28%, во тек се 66 или 42%, не се реализирани 46 активности или 30% и нема активности за кои не е доставен податок.

Од предвидените 221 показател за реализација на активностите од Државната програма, реализирани се 73 или 33%, во тек се 82 или 37%, не се реализирани 66 или 30%.

**Процент на реализација на активностите од Државната програма**
*период декември 2011-ноември 2013*




Државната програма е единствениот стратегиски документ на државно ниво што се однесува на целината на спречувањето на корупцијата во Република Македонија. Нејзиното значење е во фактот што секаде во светот резултатите во борбата против корупцијата се правопропорционални со водењето стратегиски антикорупциски политики во чии рамки се одвиваат специфичните процеси во одделни сегменти од системот. Ако се има предвид дека главната стратегиска цел во борбата против корупцијата мора да биде нејзиното сведување на најмала можна мера и оневозможување таа да го загрозува легалниот систем во државата, јасно е дека стратегиското планирање во оваа област е од посебно значење. Оттаму, Државната програма има две битни компоненти во содржинска смисла, а тоа се активности за непосредно спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и за системски, нормативни, институционални, етички и друг вид интервенции за да се спречат т.н. генератори на корупцијата или слабостите што ја прават можна. Поради сето тоа ДКСК смета дека реализацијата на активностите утврдени во Државната програма треба да се следи во континуитет за да може процесите да се водат доследно, синхроно, квалитетно и ефикасно.

Аналитички гледано реализацијата на Државната програма по сектори во 2013 година изгледа вака:

## СЕКТОР I - Политички сектор

Антикорупциските активности во Политичкиот сектор се насочени кон ризичните фактори за корупција и судир на интереси како веќе појавени однесувања или како нормативни, институционални или поединечни слабости што се предуслови што генерираат можности за корупција во системски вонредно важната сфера на власта и вршењето на државните и јавните овластувања и должности.

Во тековната Државна програма се посочени пет такви подрачја од кои две се однесуваат на изборниот систем и финансирањето на политичките партии, синдикатот и граѓанските организации, а другите три се високиот степен на дискрециони овластувања, неспроведувањето на Законот за лобирање и високиот процент на закони по скратена, односно по итна постапка. Во континуитет споредено и со претходните државни програми спроведувањето на програмираните интервенции во овој сектор оди најбавно, па така и во првата половина од важењето на оваа Државна програма од 9-те предвидени активности, 6 сè уште не се реализирани, а 3 се во тек на реализација.

Така, претстои изработка на анализа како основа за интервенции за превисоките дискрециони овластувања што по дефиниција се судир на интереси. Допрва треба да се измени Законот за лобирање за да се овозможи негова практична примена за да се надмине широко распространетото, а всушност незаконско лобирање. Треба и натаму да се работи на намалување на обемот на законодавна активност по скратена, односно по итна постапка и врз што подиректно вклучување на повеќе релевантни субјекти во креирањето на законите.

Државната програма во врска со измените на изборното законодавство во насока на превенција на злоупотребата на јавните средства и добра во политички цели и користењето противправни извори на средства, особено во изборниот процес има утврдено серија активности и мерки од кои дел се содржани во измените на законите, а дел треба да се вклучат. Такви се, на пример, создавањето алатки за практично остварување на надлежностите на ДКСК во оваа област, синхронизирањето на извештаите со затворањето на наменските изборни жиро-сметки, проверливост на донациите, оневозможувањето на медиумските попусти надвор од официјалните ценовници, намалување на рамката за максимално дозволените лимити за изборната кампања.

## СЕКТОР II - Правосудство

Областа на правосудството претставува посебно подрачје на примена на Државната програма.

Имајќи ја предвид согледаната состојба во правосудството и потребата од посебен однос и третман на проблемот на корупцијата во овој сегмент, во Државната програма беа вградени поголем број активности за надминување на утврдените проблеми во секторот правосудство, кои се однесуваат на отсуство на стабилна и трајна независност на судството и судиите, недоволна транспарентност во работењето, отсуство на севкупен капацитет на јавното обвинителство за остварување на новата улога, недоволна самостојност на Државното правобранителство на Република Македонија и отсуство на системски контроли врз работењето на нотарите, извршителите и адвокатите.

Од предвидените 23 активности реализирани се 7, нереализирани се 8 и во тек се 8.

Континуирано тече процесот на едукација во правец на јакнење на независноста и самостојноста во правосудството, а сѐ уште не се направени предвидените подобрувања на нормативната рамка, какви што се законите за јавното обвинителство, судскиот совет и државното правобранителство. Започнати се активности за практична примена на одредбите за разрешување на судиите и за разграничување на постапките за разрешување од дисциплинските постапки. За целосно остварување на самостојност на судскиот буџет и понатаму е потребна измена на Законот за судски буџет со цел обезбедување поголема самостојност во функционирањето на сите активности на судството, особено во делот на вработувањата.

На планот на транспарентноста што е важен аспект за перцепцијата на јавноста и довербата во институциите, покрај зајакнатото редовно ажурирање на веб-страниците на судовите и објавувањето на судските одлуки, како и на статистиките за текот на предметите во извештаите за работа на јавните обвинителства, останува сѐ уште нереализирано определувањето на специјализирани лица за односи со јавноста на ниво на највисоките судови во земјава.

## СЕКТОР III - Јавна администрација

Општа оценка е дека во јавната администрација е нужно да се пропишат прецизни, транспарентни процедури за работа бидејќи без нив секогаш постои ризик за арбитрерно одлучување, особено во располагањето и управувањето на јавните средства, на материјалните и човечките ресурси. Исто така, потребна е системски зајакната контрола и надзор врз администрацијата на планот на стручноста, компетентноста, почитувањето на утврдените рокови за одредени административни постапки, како и воведувањето систем на мерки за зајакнување на интегритетот - индивидуален и институционален.

За надминување на овие проблеми предвидени се вкупно 15 активности, од кои во тек се 12 и 3 се нереализирани активности.

За активностите што се во тек на реализација постои законска рамка и се донесени подзаконски акти, но преку остварувањето на активностите се следи практичната примена на законот. Ова се однесува на воспоставувањето целосно децентрализиран систем на управување на финансиите и подготвување процедури за преземање на финансиски обврски и процедури за плаќање, потоа основање и екипирање единици за внатрешна ревизија и единици за финансиски прашања во сите буџетски корисници од законодавната, извршната и судската власт и фондовите, како и активностите што се поврзани со процена и справување со ризиците во субјектите од јавниот сектор. Ист е случајот и со активностите што се предвидени за надминување на проблемот на недостиг од јавна контрола врз работата на администрацијата и се во насока на спречување, откривање, известување и постапување со неправилностите, обука на лицата задолжени за пријавување на неправилностите, како и подготвување на Национална стратегија за спречување на неправилности и измами за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија. Започнати се подготвителни дејства и во насока на измена на предвидените закони во овој сектор - Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за спречување на корупцијата.

Нереализираните активности се однесуваат на спроведување обуки за администрацијата за воведување на концептот на интегритет и заштита на укажувачите (whistleblowers) и тие се континуирани активности што ќе се следат до 2015 година, а предуслов за нивната реализација се измените во Законот за спречување на корупцијата.

## СЕКТОР IV - Органи за спроведување на законот

Успешната борба против корупцијата и организираниот криминал во целина бара континуитет и бескомпромисна доследност во спроведувањето на законите, општ третман и одржливост. Република Македонија во изминатиот период со ефикасна правна рамка изгради одржлив институционален систем, со услови за негова функционалност и ефективност.

Сепак, практиката упатува на тоа дека има недоволна транспарентност и отвореност на институциите задолжени за спроведување на законот кон јавноста, недоволна координација и ефикасност на овие институции и недоволна транспарентност и отчетност во однос на откривањето на имотната состојба на носителите на јавните функции и овластувања.

За надминување на констатираните слабости неопходно е да се јакнат кадровските и материјално-техничките капацитети на институциите задолжени за спроведување на законот и да се продлабочи меѓуинституционалната соработка во борбата против корупцијата и криминалот.

Во овој сектор од утврдените 11 активности реализирани се 2, во тек се 5 и не се реализирани 4 активности.

Поголем дел од активностите за надминување на проблемот на недоволна координација и ефикасност на институциите, се започнати и се во тек на реализација. Органите се должни целосно да се усогласат со Законот за електронско управување во насока на воспоставување на системот за интероперабилност.

Не се реализирани активностите што предвидуваат креирање на прегледни веб-страници на институциите и обезбедување ресурси за нивно редовно одржување. Исто така нема целосно подобрување на кадровско-техничката екипираност на институциите за примена на специјални истражни мерки во делот на обезбедување на потребниот и соодветен кадар, како и техничката опременост на институциите.

За надминување на проблемот со транспарентноста и отчетноста во однос на следењето на имотната состојба на носителите на јавни функции и овластувања треба да се реализираат активностите за измена на Законот за спречување на корупцијата и на Законот за спречување судир на интереси во насока на воведување регистар на сите службени лица задолжени да дадат анкетен лист и изјава за интереси.

## СЕКТОР V - Царина

И покрај тоа што во изминатите неколку години во царината е остварен напредок во зајакнувањето на отпорноста кон корупцијата, факт е дека царината и натаму останува високоризично поле од аспект на корупцијата и судирот на интереси. Затоа по прв пат во тековната Државна програма царината е утврдена како посебен сектор со специфични ризици и активности за нивно спречување.

Во овој сектор ризичните фактори за појава на корупцијата и судирот на интереси се однесуваат на недостиг од гаранции за стриктно спроведување и почитување на стандардните постапки и процедури од страна на вработените во Царинската управа, недостиг од процена на ризикот од појава на корупција во Царинската управа и недоволно развиен систем на комуникација и соработка со јавноста.

Од предвидените 13 активности, реализирани се 9, во тек се 2 и 2 не се реализирани.

Од активностите што се во тек треба да се потенцира потребата од продолжување и заокружување на активностите поврзани со спроведување самопроцена на одделни високоризични процеси на системот за финансиско управување и контрола во Царинската управа, како и подготвување на извештаи со резултати и препораки од самопроцената.

Во наредниот период треба да се преземат конкретни чекори за почнување со активностите за спроведување истражување за степенот на распространетост на корупцијата во царинската служба меѓу субјекти што доаѓаат во контакт со царинските службеници.

## СЕКТОР VI - Локална самоуправа

Големиот број делегирани надлежности од централната на локалните власти како поефикасен начин за решавање на локалните проблеми ја зголемуваат одговорноста и транспарентноста на единиците на локалната самоуправа пред граѓаните. Тоа подразбира децентрализација и во фискалната сфера, како и располагање со имотот-сопственост на државата, што го прават секторот локална самоуправа ранлив на коруптивно однесување.

Во овој сектор утврдени се четири проблеми, 15 активности за нивно совладување од кои се остварени 5, а во тек на реализација се 10 активности, кои е предвидено да се остваруваат континуирано за период од четири години.

Во насока на надминување на проблемот со сложените и нејасни постапки од областа на урбанизмот и постоењето на сериозни проблеми во нивното спроведување, во тек е активност секоја градба и корекција на објектот да биде изведена согласно со условите содржани во одобрението и придржување на рокот за корекција на објектот согласно со одобрението. Сериозен проблем во спроведувањето на Законот за просторно и урбанистичко планирање е недостигот од финансиски средства за таа намена во општините.

Проблемот поврзан со злоупотребите, односно со девијациите во управувањето на финансиите и имотот на општината, успешно и во континуитет се надминува. Во иднина приоритет треба да им се даде на развојните програми.

За надминување на проблемот на недостигот од гаранции за доследно спроведување на процедурите за работа, во тек е процесот на основање и екипирање единици за внатрешна ревизија во секоја општина, а се работи и на измена на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во насока на воведување лиценца за работа за внатрешните ревизори.

Што се однесува до недостигот од процена на ризикот од корупција и судир на интереси во општините, а со цел концентрација на превенцијата и откривањето на корупцијата во таканаречените невралгични точки, во тек е процесот на утврдување систематизирани мерки за спречување на корупцијата, односно подготвување стратегии за справување со ризици во единиците на локалната самоуправа.

## СЕКТОР VII - Јавен сектор

Во овој сектор од Државната програма се утврдени пет ризични фактори за појава на корупцијата и судирот на интереси што главно се поврзани со постапките за јавни набавки и за концесии со посебен акцент во активностите за нивно совладување преку воведување механизми за транспарентност, конкурентност, економичност и недискриминација.

Од предвидените 13 активности во овој сектор, реализирани се 7, нереализирани се 3 и во тек се 3 активности.

Започнати се и треба да се заокружат активностите за востановување единствена база на податоци за концесии, јавно приватно партнерство и јавни набавки.

Нереализираните активности во овој сектор се однесуваат на измена на Законот за јавни набавки и Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство во насока на осамостојување на Бирото за јавни набавки и

преминување во Агенција за јавни набавки, како и пренесување на надлежноста за концесиите и јавното приватно партнерство врз агенцијата со зајакнување на нејзините надлежности. Исто така останува потребата од донесување практични алатки за откривање корупција и судир на интереси во јавните набавки, концесиите и јавното приватно партнерство, како и за спроведување специјализирани обуки за лицата вклучени во постапките за јавни набавки и за непосредна примена на законите од оваа сфера.

## СЕКТОР VIII - Здравство, труд и социјална политика

Во Државната програма за овој сектор се дефинирани четири проблеми како извор на коруптивно однесување и појава на судир на интереси. Во преден план е ставено ненаменското трошење на буџетски средства, недоволно изградени механизми за контрола на квалитетот на услугите што ги добиваат граѓаните, како и недоволно познавање на нормативата од службените лица и граѓаните (првите за релевантните закони за корупција и судир на интереси, вторите за нивните права).

Од вкупно предвидените 9 активности за овој сектор, реализирани се 4, нереализирана е 1 и во тек се 4 активности.

Донесувањето на етичкиот кодекс за интеракција меѓу фармацевтските компании, здравствените работници и здруженијата на пациенти и оваа година се евидентира како нереализирана активност, иако неговото донесување и јавно објавување беше предвидено за 2012 година. Станува збор за акт за чие донесување надлежни се: Министерството за здравство, Лекарската комора на Македонија и Фармацевтската комора на Македонија.

Повеќе активности се од континуиран карактер и како такви ќе се водат до завршувањето на четиригодишниот период за имплементација на Државната програма. Станува збор за активности што се однесуваат на проверка на воспоставени процедури за контрола на квалитетот на услугите што ги добиваат граѓаните, потоа спроведување обуки со вработените за превенција на корупцијата и на судирот на интереси, спроведување кампањи за информирање на граѓаните за нивните права, дистрибуција на промотивно-информативни материјали, истражувања за ефектите од кампањите и слично.

## СЕКТОР IX - Образование и спорт

Во рамките на Државната програма како стратегиски антикорупциски документ, за прв пат посебен фокус се стави на проблемите и ризичните фактори за појава на корупција и судир на интереси во образованието и спортот, кои беа одвоени како посебен сектор со директни и конкретно насочени интервентни мерки и активности.

Во образованието и спортот согледаните ризици од корупција и од судир на интереси општо земено се изразени преку недостиг од систем на редовни контроли од надлежни институции, недоволна транспарентност и влијание при вработувања и избор во наставнонаучни звања, недостиг од едуцираност и стручна помош; недостиг од системски контроли во постапките на лиценцирање и акредитација на даватели на образовни услуги и непостоење на систем на лиценци во дејноста спорт; недоволна примена и транспарентност на стандардите за подготовка и на постапката за избор на учебници; недоволна транспарентност при доделувањето на легла во студентските и ученичките домови; продавање учебници на студентите како услов за полагање испит; недоволна информираност на јавноста за потребата од вклучување во борбата против корупцијата во образованието и спортот и отсуство на транспарентност при финансирањето на спортски клубови и „купопродажба" на спортисти.

Во овој сектор се утврдени 21 активност, од кои реализирани се 8, нереализирани се 5 и во тек се 8 активности.

Во насока на зголемување на информираноста и подигање на свеста кај најшироката јавност за потребата од пријавување и борба против корупцијата во образованието и спортот, започната е реализација на активноста во насока на вградување образовни цели и содржини за борба против корупцијата и судирот на интереси во наставните програми во основното образование. Оваа активност треба да се заокружи и да опфати повеќе сегменти, преку вградување содржини за борба против корупцијата и судирот на интереси во образовните програми во сите степени на образованието, преку предавања, обуки и кампањи за ученици, студенти, родители и наставници, изработка на етички кодекси на образовните и спортските институции, како и преку воведување систем за поттикнување на пријавувањето на корупцијата и судирот на интереси во овој сектор. Исто така континуирано треба да се спроведуваат едукацијата и давањето стручна помош на членовите на националните спортски федерации.

Во делот на санкционирање на финансиските малверзации при трансфери на спортисти и врбувањето спортисти, како и за обезбедување

поголема транспарентност и извештајност во финансирањето на спортските федерации и клубови и натаму останува потребата од измена на Законот за спортот.

Измена на Законот за спортот и релевантните подзаконски акти е потребна и во насока на воведување и уредување на системот за лиценцирање во областа спорт.

## СЕКТОР X - Приватен сектор

Приватниот сектор е значаен сегмент во промовирањето и градењето на демократската култура во општеството. Поради тоа главен приоритет се поттикнувањето и создавањето приватен сектор без корупција со цел да им се излезе во пресрет и да им се помогне на бизнисите во настојувањето да изградат комерцијално опкружување што ќе се одликува со ефикасност и со фер-конкуренција. Во извештаите за напредокот на Република Македонија на планот на меѓународните асоцијации во делот за бизнис-амбиентот во земјава се констатира дека Република Македонија има направено значајни чекори во подобрувањето на законската рамка и воспоставувањето неопходни институционални капацитети, при што се инсистира на конкретни резултати во практиката.

ДКСК при креирањето на Државната програма по прв пат го вклучи приватниот сектор како посебно значаен сегмент во кој треба да се дејствува со цел да се одговори на предизвиците и на можните проблеми на земјата, особено во превенцијата и репресијата на корупцијата и судирот на интереси.

Во овој сектор се утврдени четири ризични фактори, и тоа: недоволно развиени мерки за превенција на корупцијата и јакнење на интегритетот на приватниот сектор, недоволно познавање на корупцијата и судирот на интереси во приватниот сектор, недоволна информираност за Законот за заштита на конкуренцијата и недоволен капацитет на Комисијата за заштита на конкуренцијата за спроведување на законот, како и недоволна транспарентност на спонзорствата и донациите, зад што се крие можност за корупција.

За надминување на овие проблеми предвидени се вкупно 13 активности, од кои реализирани се 2, нереализирани се 6 и во тек се 5 активности.

ДКСК, ценејќи ги подготвеноста и покажаниот интерес за соработка од страна на приватниот сектор, потпиша Меморандум за соработка и заемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси согласно со кој во континуитет се спроведуваат обуки за претставници од приватниот сектор заради градење на интегритетот, како и активности поврзани со истражувања

за перцепцијата на граѓаните за корупцијата и анкети во бизнис-сферата, кои ќе послужат како основа за идни активности. Допрва треба да се реализира програмската активност за анализа на постојната законска регулатива со цел нејзино иновирање со антикорупциски норми.

Во тек е подготовка на практични алатки, како и на законски измени за откривање и пресретнување на забранети договори меѓу субјектите и незаконски договарања кај јавните набавки.

Во наредниот период треба да се реализираат измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности во насока на воспоставување систем на континуирано следење на спонзорствата, нивниот обем и вид, обезбедувањето транспарентност на спонзорствата, како и воведувањето обврска за потпишување изјава за судир на интереси за сите вклучени страни.

## СЕКТОР XI - Медиуми и граѓанско општество

Во секторот Медиуми и граѓанско општество се утврдени 6 проблеми и ризични фактори за корупција и судир на интереси, по три во секоја од двете сфери во овој сектор. За нивно надминување предвидени се 14 активности, од кои 8 не се реализирани, а 6 се во тек на реализација.

Проблемите во сферата на граѓанското здружување се однесуваат на нетранспарентност при доделувањето јавни финансиски средства на здруженија и фондации, стекнувањето статус на организации од јавен интерес и доделувањето јавни финансиски средства на наменски основани здруженија, се мисли на здруженија во чија заднина стојат парцијални партиско-политички личности и интереси, што создава сомнеж за коруптивно и несоодветно трошење на буџетските средства. Сметајќи ги овие состојби како појавна форма на корупција и судир на интереси, но и како генератор за несоодветно и лукративно третирање и злоупотреба на граѓанските слободи и здруженија за остварување на материјални и друг вид интереси надвор од граѓанскиот концепт, во Државната програма се предвидени измени пред сè во Законот за здруженија и фондации. Активноста не е реализирана во насоките утврдени во Државната програма, така што останува потребата од потемелни интервенции што се бараат во неа преку воведување на принципот на функционално партнерство меѓу владиниот и невладиниот сектор, како и оставање поширок простор домашните здруженија по принципите на конкурирање за проектна поддршка да учествуваат во реализирањето на најшироките општествени цели во областите за кои се регистрирани. Актуелните состојби наметнуваат потреба од увид во имотната состојба и интересите на лицата на раководни позиции во

здруженијата и фондациите преку поднесување анкетен лист и изјава за интереси.

Во сферата медиуми Државната програма како ризични фактори ги има посочено трошењето на јавните и буџетски средства во медиумите во смисла на селективно стимулирање и партиско политичко врзување со одделни медиуми, концентрацијата и прикривањето на сопственоста врз медиумите и директната поврзаност на медиумите со центрите на политичко-економска моќ. Сметајќи го врзувањето или директната зависност на медиумите и на медиумската политика со центрите на моќ за штетна појава, која ги искривува и ги подредува медиумските и новинарските слободи и права и со тоа остава простор за корупција и судир на интереси, Државната програма утврди нормативно средување на областа, што беше соодветно спроведено преку донесувањето на Законот за медиуми, по прв пат, а соодветни интервенции беа направени во радиодифузната дејност. Државната програма посочува на активноста што треба допрва да се развива, а се однесува на надзорот врз концентрацијата и прикриеноста на медиумската сопственост, јакнење на принципите на транспарентност и на заштита на професионализмот. Освен тоа, треба да се реализира обврската за давање анкетни листови и изјави за интереси од раководните медиумски личности. Во оваа сфера треба да се разлачи информирањето од лобирањето, чиј надзор е во надлежност на ДКСК.

## II.2. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА КОРУПЦИЈАТА

Државната комисија за спречување на корупцијата спроведувајќи ги своите законски надлежности во делот на спречувањето на корупцијата во политиката, во вршењето на јавните овластувања и во вршењето на работите од јавен интерес континуирано постапуваше по конкретни предмети, и тоа:

Во периодот јануари - декември 2013 година до ДКСК се доставени вкупно 2.843 предмети, од кои 201 пријава за постоење елементи за корупција од граѓани, правни лица и други и 2.615 предмети поврзани со локалните избори 2013 година, додека 27 предмети беа отворени по сопствена иницијатива на ДКСК. Во наведениот период ДКСК постапи по вкупно 3.119 предмети од областа на спречувањето на корупцијата, од кои 2.615 се предмети поврзани со локалните избори 2013 година. Од нив, решени се вкупно 2.815 предмети.

Во следната табела се прикажува бројот на предметите со корупциска содржина по одделни области:

| **ОБЛАСТ** | **РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ** |
|---|---|
| СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА | 68 |
| СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС | 84 |
| ПРАВОСУДСТВО | 35 |
| СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПОЛИТИКАТА | 2.615 |
| ДРУГИ ПРЕДМЕТИ | 13 |
| ВКУПНО | **2.815** |

Од предметите на кои има работено ДКСК може да се извлече констатација дека најчести форми на коруптивно однесување се злоупотребата на јавните овластувања во располагањето со буџетските и јавните средства и добра, несовесното вршење на јавните овластувања, пречекорувањето на службените овластувања, подредувањето на јавниот интерес на приватниот, групен или личен интерес, трговија со влијание, прикривање на имотната состојба и промените во неа, отсуство на интегритет и отпорност кон корупција, при што е евидентно дека ваквите девијации се најдиректно изразени во локалната сфера со непосредни последици врз индивидуалните права на граѓаните.

Во врска со локалните избори одржани во 2013 година ДКСК изработи вкупно 2.615 предмети, во кои има дадено мислења со упатства, сугестии и препораки до државните органи и другите институции во поглед на дејствата што не смеат, односно смеат да се преземат во време на избори, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата, Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии. Од повратните информации ДКСК има констатирано дека нејзините укажувања и препораки се почитувани од институциите на кои се упатени, со што е остварена нејзината превентивна улога во спречување на корупцијата во политиката.

Од предметите оформени по пријави од граѓани, правни и други лица, по сопствена иницијатива, како и по конечните извештаи од Државниот завод за ревизија, ДКСК во 7 случаи оцени дека има елементи да побара јавно обвинителско постапување. Користејќи ја својата надлежност ДКСК до Јавното обвинителство на Република Македонија покрена 7 иницијативи за поведување

постапка за кривично гонење на избрани или именувани функционери, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал.

### II.2.1. Иницијативи за поведување постапка за кривично гонење согласно со членот 49 став 1 алинеја 6 од Законот за спречување на корупцијата

1. Постапувајќи по предмет оформен во врска со незаконито работење во општината Струга, ДКСК покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на одговорното лице – градоначалник на Општина Струга Р.М. во периодот 2009-2013 година, поради постоење основи за сомневање дека во текот на 2009 година сторил кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување од членот 353 став 3 и став 5 во врска со став 1 од истиот член од Кривичниот законик на Република Македонија и несовесно работење во службата од членот 353-в од Кривичниот законик на Република Македонија. Одговорното лице - градоначалник при располагањето и обезбедувањето на средствата на Општина Струга, како и при спроведувањето на постапките за јавни набавки и доделување на договорите за јавни набавки, не обезбедил законито користење, собирање и заштита на средствата на општината, при што е нанесена штета на буџетот на Општина Струга и на средствата на буџетот на Република Македонија во износ од 65.775.000,00 денари.

***Постапката е во тек***

2. Постапувајќи во единствена постапка по два предмети во врска со незаконитости во работењето на КПУ-Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение Велес, КПУ-С.Е. Препород и КПУ-С.Е. Економија во 2012 година, ДКСК откако ги прибави и во единствена постапка работеше по наодите и состојбите констатирани во Конечниот извештај за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на КПУ-Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение Велес за 2011 година, Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на КПУ -С.Е. Препород за 2012 година и Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на КПУ-С.Е. Економија за 2012 година, до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и до јавниот обвинител на Република Македонија достави Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на службените лица

од КПУ-Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение Велес, во времето на вршење на функцијата одговорно лице- директор и в.д. директор на КПД Идризово во 2011, односно во 2012 година :

- М.М. директор во периодот од 9.10.2007 година до 13.9.2011 година
- Т.Ј. в.д. директор - директор во периодот од 13.9.2011 година до 30.4.2012 година
- Ж.П. директор во периодот од 30.4.2012 година
- и на други службени лица од КПУ-Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение Велес, бидејќи постојат основи за сомневање дека во периодот 2011 и 2012 година сториле кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување од членот 353 став 3 и став 5 во врска со став 1 од истиот член и несовесно работење во службата од членот 353-в од Кривичниот законик на Република Македонија, со тоа што во раководењето со КПУ-Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение Велес, при располагањето со средствата на установата и при спроведувањето на постапките за јавни набавки со искористување на својата службена положба и овластување и со пречекорување на службените овластувања, на КПД Идризово му нанеле штета во износ од 28.626.000,00 денари и создале можност за прибавување значителна имотна корист за себе или за друг.

***Постапката е во тек***

3. Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет во врска со располагањето со средствата на Општина Охрид покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на лицето А. П. - градоначалник на Општина Охрид од 1.4.2005 година до 2.4.2013 година, поради постоење основи за сомневање дека во текот на 2011 и 2012 година сторил кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став 3 и став 5 во врска со став 1 од истиот член од Кривичниот законик на Република Македонија. Именуваното лице, при располагањето со средствата на Општина Охрид и при спроведувањето на постапките за јавни набавки и доделувањето договори за јавни набавки, не обезбедило законито користење и заштита на средствата сопственост на општината и при тоа им е нанесена штета на Општина Охрид и на средствата на буџетот на Република Македонија во вкупен износ од 307.916.000,00 денари.

***Постапката е во тек***

4. Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по

предмет поради незаконитости во постапките за јавна набавка во Јавното претпријатие „Македонска радио-телевизија“ во 2010 година, до Јавното обвинителство на Република Македонија покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на Е.Г. и П.К. - извршни директори и други одговорни лица од ЈП „Македонска радио-телевизија“, бидејќи постојат основи за сомневање дека сториле кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување од членот 353 став 5 во врска со став 1 од истиот член од Кривичниот законик, затоа што во текот на 2010 година ја искористиле службената положба и овластување и му нанеле штета на јавното претпријатие на начин што овозможиле набавка на стоки и услуги без да биде спроведена постапка за јавна набавка, овозможиле користење на расположливото рекламно време на јавниот радиодифузен сервис од други субјекти на штета на претпријатието, овозможиле исплата на средства без соодветна документација и исплата на надоместоци на членовите на Управниот одбор на ЈП „Македонска радио-телевизија“ во износ поголем од максимално дозволениот.

***Постапката е во тек***

5. Постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од понудувач во постапка за јавна набавка, ДКСК до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и до јавниот обвинител на Република Македонија покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на:

- службеното лице В.Г., директор на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип
- и на други службени лица што постапувале во својство на претседател и членови на Комисијата за јавна набавка при ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип во постапката за јавна набавка по оглас за доделување договор за јавна набавка бидејќи постојат основи за сомневање дека во периодот ноември 2012 -април 2013 година, при вршење дејства од постапка за јавна набавка сториле кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување од ставовите 1 и 5 од членот 353 и несовесно работење во службата од членот 353в од Кривичниот законик на Република Македонија со тоа што при спроведувањето постапка за јавна набавка за потребите на јавната здравствена установа, со искористување на својата службена положба и овластување, со неизвршување на својата службена должност и со пречекорување на службените овластувања предизвикале штета на средствата на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Штип во износ од 4.498.000,00 денари и создале можност за прибавување имотна корист за себе или за друг.

***Постапката е во тек***

6. Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен во врска со незаконитости во постапките за јавни набавки во Општинското средно медицинско училиште „Никола Штејн“ од Тетово, покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на лицата И.Ш. - директор од 1.4.2004 до 17.8.2009 година и А.Д. - директор од 18.8.2009 година во Општинското средно медицинско училиште „Никола Штејн“ од Тетово, поради постоење основи за сомневање дека во текот на 2009 година сториле кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување од членот 353 став 3 и став 5 во врска со став 1 од истиот член од Кривичниот законик на Република Македонија. Именуваните лица при располагањето со средствата на Општинското средно медицинско училиште „Никола Штејн“ од Тетово и при спроведувањето на постапките за јавни набавки и доделувањето договори за јавни набавки, не обезбедиле законито користење и заштита на средствата сопственост на средното училиште и притоа им е нанесена штета на образовната установа и на средствата од буџетот на Република Македонија во вкупен износ од 8.004.000,00 денари.

***Постапката е во тек***

7. Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава, покрена Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на П.Ј. и Д Ј. - одговорни лица на друштвото „Калина” ДООЕЛ - нас. Оризари, Кочани, поради основи за сомневање дека сториле кривично дело незаконита експлоатација на минерални суровини од членот 225-а од Кривичниот законик, затоа што вршеле нелегален ископ на минерална суровина-песок од нива во близина на с. Прибачево на местото нарекувано Белско поле без да поседуваат соодветна дозвола за експлоатација на минералната суровина-песок, како што е утврдено со членот 23 и членот 41 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/07, 88/08, 52/09, 06/10, 158/10 и 53/11), со што стекнале противправна имотна корист на штета на јавниот интерес.

***ОЈО Кочани ја извести ДКСК дека се отфрла кривичната пријава - пријавените дела не се кривични дела што се гонат по службена должност***

## II.2.2. Постапување во спречувањето на корупцијата во политиката - Локални избори 2013 година

Постапувајќи согласно со надлежностите утврдени во Глава прва Корупција во политиката од Законот за спречување на корупцијата и Изборниот законик, како и во претходните изборни циклуси, Државната комисија за спречување на корупцијата зеде активна улога и во изборниот процес на локалните избори 2013 година.

Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата склучија Меморандум за соработка во врска со спроведувањето на одредбите за финансирањето на изборната кампања за размена на информации за утврдени неправилности во доставените финансиски извештаи и мерките преземени од нивна страна спрема субјектот што е предмет на надзорот. Постапувајќи по овој меморандум, во текот на изборниот период, а особено по неговото завршување, трите институции во неколку наврати разменија информации, со што беше поттикнато и олеснето нивното надлежно постапување.

Во текот на изборниот процес, во периодот јануари - мај 2013 година, заседавајќи секојдневно, Државната комисија за спречување на корупцијата постапи по вкупно 2.615 предмети.

Постапувајќи согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата, ДКСК вообичаено во почетокот на изборниот процес излезе во јавноста со напатствија за начинот на однесување, располагање со јавните средства и добра и другите дејства што произлегуваат од одредбите за корупција во политиката. Поконкретни напатствија беа дадени за располагањата на државните органи и другите јавни институции за време на изборниот период, при што ДКСК оствари функционална соработка со Агенцијата за администрација и со Агенцијата за вработување на Република Македонија. Повеќе институции и поединци бараа мислење од ДКСК дали може да спроведат постапки за вработување во изборниот период, постапки за јавни набавки, постапки за издавање под закуп на имот во државна сопственост, постапки за отуѓување државен недвижен и движен имот, постапки за концесии и јавноприватно партнерство и други видови располагање со државен имот и со буџетски и фондовски средства. Заклучно со мај 2013 година, ДКСК одговори на сите поднесени барања мислења од барателите што постапуваа по мислењата на ДКСК.

Во вкупниот број предмети поврзани со локалните избори 2013 спаѓаат и 109 пријави од подносители што укажуваа на нивни сомневања за прекршувања

на изборните одредби, во кои се бараше ДКСК да ги провери фактите и да се произнесе по нив. Постапено е по сите пријави и за своите наоди ДКСК ги извести подносителите.

### II.2.3. Финансиски извештаи - Локални избори 2013 година

Во однос на примената на одредбите на Изборниот законик, организаторите на изборната кампања имаа обврска да достават вкупен финансиски извештај за приходите и расходите на наменската жиро-сметка за изборната кампања на локалните избори 2013 година во законски предвидениот рок до ДКСК, ДЗР и ДИК.

Согласно со членот 85 од Изборниот законик, во законски утврдениот рок, од вкупно 121 организатор на изборна кампања, колку што учествувале на локалните избори 2013 година, 79 организатори на изборната кампања - коалиции, политички партии и група избирачи, доставиле вкупен финансиски извештај за приходите и расходите на наменската жиро-сметка за изборната кампања на локалните избори 2013 година до ДКСК.

Постапувајќи согласно со членот 178-а од Изборниот законик, ДКСК утврди дека 43 организатори на изборна кампања (односно 46 лица) не поднеле вкупен финансиски извештај и со нив спроведе постапка за порамнување пред поднесување барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Со цел спроведување на оваа своја надлежност, ДКСК утврди Правила за начинот на постапување во постапката за порамнување, како свој интерен акт со кој го утврди начинот на постапувањето на ДКСК во постапката за порамнување за прекршоците утврдени во Изборниот законик, со организаторите на изборна кампања што до ДКСК немаат поднесено вкупен финансиски извештај во законски предвидениот рок.

Во периодот од 11.9.2013 година до 30.11.2013 година во просториите на ДКСК се одржаа поединечни средби со 43 организатори на изборна кампања, односно со вкупно 46 лица во својство на овластени лица на организаторите.
Состојбата по спроведената постапка за порамнување во ДКСК е следна:

1. Постапката за порамнување е запрена, поради презентиран доказ од организаторот за доставен вкупен финансиски извештај до ДКСК, и тоа за 14 организатори на изборна кампања;

2. ДКСК поднесе 31 барање за поведување прекршочна постапка до Основниот суд Скопје, поради: потврден сторен прекршок од страна на организаторот и одбивање на платен налог (19); неприфатен презентиран доказен материјал (2) или за оние што не дошле и по две уредно доставени пријави (10), односно за вкупно 31 организатор на изборната кампања;
3. Постапката за порамнување е завршена со издаден платен налог за плаќање на 50% глоба за 1 организатор на изборна кампања и тој е платен на предвидената буџетска сметка.

## II.3. СЛЕДЕЊЕ НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА СЛУЖБЕНИТЕ ЛИЦА

Во 2013 година е забележан значителен пораст на поднесувањето на анкетните листови од избраните и именуваните лица, што е резултат на одржаните локални избори во март 2013 година. Имено, согласно со членот 33 од Законот за спречување на корупцијата во извештајната 2013 година до ДКСК се доставени 1.438 анкетни листови по избор или именување на функција, 429 анкетни листа по престанок на функцијата, 10 известувања за промена на функцијата и 76 за повторен избор. Во истиот овој период добиени се 217 пријави за промена на имотната состојба согласно со членот 34 од законот, во кој е пропишана обврската во текот на извршувањето на функцијата да се пријави секое зголемување на имотот чија вредност го надминува износот од 20 просечни нето-плати, исплатени во претходниот тримесечен период.

| **ПОДНЕСЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ ВО 2013 ГОДИНА** | |
|---|---|
| Анкетни листови по избор/именување на функција | 1.438 |
| Анкетни листови по престанок на функција | 429 |
| Промена на функција | 10 |
| Анкетен лист/известување за повторен избор | 76 |
| Известувања за промена на имотна состојба | 217 |
| **Вкупно** | **2.170** |

Јавното објавување на податоците од анкетните листови на веб-страницата на ДКСК придонесе да се зголеми свеста за почитување на законската обврска за поднесување анкетен лист и пријавување промени во имотната состојба, а со тоа се намали и бројот на лицата што не поднеле анкетен лист.

Во извештајната 2013 година ДКСК согласно со законските надлежности, против 36 избрани и именувани функционери до надлежниот суд поднесе барања за поведување прекршочни постапки поради неподнесување анкетен лист, односно непријавување промени во имотната состојба. Во овој период по овие и по претходно поднесените барања, судовите донеле 23 одлуки.

ДКСК и понатаму има тешкотии со обезбедувањето на основните податоци (ЕМБГ и адреса на живеење) за функционерите што не поднеле анкетен лист, за кои треба да се поднесе прекршочна пријава. За надминување на овој проблем е предвидена конкретна активност во Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси 2011-2015, со измена на Законот за спречување на корупцијата во насока на воведување регистар на функционерите, а обврската за доставување на податоците до ДКСК би ја имале институциите во кои се избрани или именувани функционерите.

Во текот на 2013 година ДКСК до Управата за јавни приходи достави вкупно 35 барања за поведување постапка за испитување на имотот и имотната состојба на избрани и именувани лица.

Во текот на 2013 година според известувањата од УЈП, завршени се 13 постапки за испитување на имотот и имотната состојба иницирани од ДКСК во претходниот период. Од нив 12 постапки се запрени со заклучок, бидејќи е утврдено дека лицата против кои е поведена постапката немаат стекнато и не поседуваат имот што е поголем од оданочените приходи, односно имотот што го поседуваат потекнува од приходи што биле предмет на оданочување и претставуваат легално стекнат имот, а во еден случај е донесено решение со кое лицето се задолжува со персонален данок на доход по основа на непријавени и неоданочени приходи во износ од 1.176.306,00 денари. За два случаи УЈП ја извести ДКСК дека не е исполнет законскиот услов за поведување на постапката, поради пониска вредност на имотот од законски утврдениот лимит за пријавување промена и поради промена на брачната состојба.

Во извештајната година ДКСК продолжи со проверка на податоците дадени во анкетните листови, преку системска проверка на содржината на анкетните листови на обврзниците од одделни сегменти на системот и по пријави за корупција.

Имено, ДКСК започна со проверка на анкетните листови на 35 градоначалници што за прв пат се избрани на функцијата по одржаните локални избори во март 2013 година, како и на 38 лица на кои им престанала функцијата градоначалник.

Исто така, ДКСК согласно со заедничките критериуми за начинот за определување анкетни листови што ќе бидат предмет на проверка утврдени со УЈП, во 2013 година продолжи со системска проверка, така што е извршена проверка на 34 анкетни листови, и тоа:

- 2 анкетни листа на носители на јавни функции од законодавната власт
- 4 анкетни листа на носители на функции од извршната власт
- 13 анкетни листа на носители на функции од судската власт, и
- 15 анкетни листа на носители на функции во рамките на единиците на локалната самоуправа.

На доставените барања од страна на ДКСК, Министерството за внатрешни работи достави податоци за моторните возила, Агенцијата за катастар на недвижности достави податоци за недвижниот имот и Централниот депозитар за хартии од вредност достави податоци за акции и обврзници за носителите на јавни функции чиишто анкетни листови се предмет на проверка, а со директен пристап до базата на податоци на Централниот регистар се изврши споредба на податоците од анкетните листови со податоците од трговскиот регистар и регистарот на други правни лица.

ДКСК континуирано ги обработува новите анкетни листови и ги ажурира измените на податоците за имотната состојба така што на својата веб-страница www.dksk.org.mk во 2013 година ги објави податоците од сите 3.800 анкетни листови на актуелните функционери, согласно со членот 35 од законот, а во базата на податоци се внесени сите анкетни листови што се поднесени од 2003 година заклучно со 2013 година.

## III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Државната комисија за спречување на корупцијата како единствена надлежна институција за спроведување на Законот за спречување судир на интереси, постапувајќи непосредно по одредбите од законот што се однесуваат на спречувањето на злоупотребата на јавните овластувања и должности на службените лица и со цел да обезбеди спречување на можноста приватниот интерес на службеното лице да го загрози јавниот интерес, собира изјави за интереси од законските обврзници и постапува по предметите во врска со изјавите за интереси, како и по предмети што се однесуваат на фактички и можен судир на интереси кај службените лица.

### III.1. РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

Во периодот од 1.1.2013 – 31.12.2013 година, во ДКСК се оформени вкупно 273 предмети од областа на судирот на интереси, а завршени се вкупно 196 предмети. Предметите се оформени по пријави поднесени од службени лица, нивни претпоставени, односно функционери што раководат со државните органи, од анонимни подносители, како и по пријави од други заинтересирани лица, а предмети се оформени и по наоѓање на ДКСК.

Од целокупното постапување во текот на 2013 година, ДКСК во 132 случаи констатира постоење на судир на интереси.

Согласно со членот 25 став 1 алинеја 1 во врска со членот 23 став 3 од Законот за спречување судир на интереси, ДКСК изрече вкупно 15 јавни опомени на службени лица што беа во судир на интереси поради кумулација на функции и не постапија по нејзините укажувања, односно што не се откажаа од извршувањето на кумулираните функции што истовремено ги извршуваа.

Во два случаи, кога постапувањето на ДКСК по Законот за спречување на судирот на интереси беше исцрпено, а службените лица и натаму останаа во состојба на судир на интереси, ДКСК оцени дека се работи за злоупотреба на службената положба и овластување, односно за несовесно работење во службата, и поднесе иницијативи за кривично гонење.

Карактеристично е што во 2013 година најголемиот број предмети од областа на судирот на интереси ДКСК ги има отворено по сопствено наоѓање. Имено, изјавите за интереси што ги собира ДКСК истовремено содржински ги проверува и притоа се констатира дека кај службени лица најчесто се појавува

судир на интереси преку кумулација на функции, спротивно на одредбите од законот.

По однос на содржината на сите предмети од оваа област, може да се согледа дека институтот судир на интереси е осознаен од службените лица во смисла на нивна потреба судирот да се превенира, па оттаму најголемиот број предмети на ДКСК се барањата мислење од ДКСК дали одредено однесување или состојба би биле судир на интереси. Притоа може да се констатира дека службените лица речиси без исклучок ги почитуваат дадените мислења од страна на Државната комисија.

## III.2. ИЗЈАВИ ЗА ИНТЕРЕСИ

Локалните избори што се одржаа во 2013 година создадоа обврска за новоизбраните градоначалници и советници до ДКСК да достават изјава за интереси. Оттаму, во овој временски период се примени вкупно 1.459 изјави за интереси, од кои 1.220 изјави за интереси се од службени лица што своите овластувања ги извршуваат во сферата на локалната самоуправа, 112 изјави во областа на правосудството и 127 изјави за интереси од службени лица во органите на државната власт.

Вкупниот број на изјавите за интереси доставени до ДКСК сметано од моментот на воспоставувањето на обврската за нивно поднесување, согласно со измените на Законот за спречување судир на интереси во 2009 година, а заклучно со крајот на 2013 година, изнесува 5.820 изјави за интереси.

| **2013** | **ПОДНЕСЕНИ ИЗЈАВИ ЗА ИНТЕРЕСИ** |
|---|---|
| ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 1220 |
| ПРАВОСУДСТВО | 112 |
| ДРЖАВНИ ОРГАНИ | 127 |
| **ВКУПНО** | **1.459** |

## III.3. ИЗВРШЕНИ ПРОВЕРКИ НА ПОДНЕСЕНИТЕ ИЗЈАВИ ЗА ИНТЕРЕСИ

Државната комисија за спречување на корупцијата во континуитет врши проверка на изјавите за интереси поднесени од службените лица од членот 20-а од Законот за спречување судир на интереси. Така, по извршената проверка на изјавите за интереси на носителите на законодавната и на извршната власт во текот на 2012 година, во извештајната година е направена проверка на изјавите за интереси на вршителите на судската власт - судии, вклучително и на изјавите за интереси поднесени од судиите на Уставниот суд на Република Македонија.

Во првиот квартал на 2013 година предмет на проверка беа изјавите за интереси поднесени од страна на судиите на Уставниот суд на Република Македонија и на службените лица - судии што ја извршуваат судиската функција во Врховниот суд на Република Македонија, Вишиот управен суд на Република Македонија и Управниот суд на Република Македонија. Во овој период беа проверени вкупно 69 изјави за интереси и врз основа на извршената проверка беше констатирано дека до Државната комисија за спречување на корупцијата изјава за интереси имаат поднесено сите девет (9) члена на Уставниот суд на Република Македонија, 20 судии на Врховниот суд на Република Македонија (21), 3 судии на Вишиот управен суд на Република Македонија (11) и 26 судии на Управниот суд на Република Македонија (28), односно 58 службени лица. Истовремено 11 судии, од кои 1 судија од Врховниот суд на Република Македонија, 8 судии од Вишиот управен суд на Република Македонија и 2 судии од Управниот суд на Република Македонија немаа поднесено изјави за интереси за функцијата што во моментот ја извршуваа и против нив во смисла на членот 20-а во врска со членот 31-а од Законот за спречување судир на интереси до судот за прекршоци беа поднесени барања за поведување прекршочна постапка поради неподнесување изјава за интереси.

Воедно, ДКСК од извршената проверка кај еден судија на Уставниот суд на Република Македонија, утврди и неспојливост на функцијата судија на Уставниот суд на Република Македонија бидејќи ова лице истовремено беше ангажирано и во Здружението на граѓани ГФ-МРФП како член на Управниот одбор и од каде што остваруваше надоместок.

Во вториот квартал предмет на проверка беа службени лица - судии што ја извршуваат судиската функција во Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Гостивар, Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд Штип. Во овој период беа проверени 107 изјави за интереси, при што беше констатирано дека вкупно 18 судии, од кои: 9 од Апелационен суд Скопје, 3 од Апелационен суд Гостивар, 3 од Апелационен суд Битола и 3 од Апелационен суд Штип, немаат

поднесено изјави за интереси за функцијата што во моментот ја извршуваа. Во текот на септември против 8 службени лица вршители на судиската функција во апелационите судови на територијата на РМ согласно со членот 20-а во врска со членот 31-а од Законот за спречување судир на интереси беа поднесени вкупно 8 барања за поведување прекршочна постапка поради неподнесување изјави за интереси. Во 10 случаи е констатирана застареност за поведување судска постапка.

Државната комисија за спречување на корупцијата врз основа на извршената проверка на изјавите за интереси на носителите на судската власт од апелационите подрачја утврди неспојливост на функцијата судија со вршењето други функции кај еден судија од Апелациониот суд Битола бидејќи ова лице истовремено се јавува во својство на член на Управниот одбор на Здружението на судии, за што има примано паричен надомест.

Согласно со подготвениот план и динамика за проверка на содржината на изјавите за интереси во третиот квартал од 2013 година се вршеше проверка на изјавите за интереси поднесени од службените лица судии што судиската функција ја извршуваат во основните судови Скопје 1 и Скопје 2 и во Основниот суд Куманово. Беа проверени вкупно 190 изјави за интереси, при што е констатирано дека до Државната комисија за спречување на корупцијата изјави за интереси имаат поднесено сите 72 судии од Основниот суд Скопје 1 - Скопје, 80 судии од Основниот суд Скопје 2 - Скопје (81) и сите 37 судии од Основниот суд Куманово, односно дека обврската за поднесување изјава за интереси до ДКСК ја нема исполнето само еден судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје, поради што против него е поднесено барање за поведување прекршочна постапка.

Во последниот квартал од извештајната 2013 година е извршена проверка на содржината на изјавите за интереси поднесени од страна на вкупно 153 службени лица - судии што ја извршуваат судиската функција во основните судови во Берово, Битола, Виница, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово и Крива Паланка. Врз основа на извршената проверка беше констатирано дека од вкупно 152 судии, до Државната комисија за спречување на корупцијата изјави за интереси имаат поднесено 140 судии, додека другите 12 судии, од кои 11 судии од Основниот суд Битола и еден судија од Основниот суд Гевгелија, ја немаат исполнето обврската со неподнесување изјава за интереси. Против овие судии ДКСК согласно со членот 20-а во врска со членот 31-а од Законот за спречување судир на интереси до судот за прекршоци поднесе барање за поведување прекршочна постапка.

## IV. РАБОТА НА ПРОЕКТИ

ДКСК посветува значаен дел од своето работење на креирање антикорупциски политики и проекти со кои се следат глобалните практики и искуства во спречувањето на корупцијата во светот преку отворање нови теми и содржини што свој одраз наоѓаат во јакнење на вкупните капацитети за борба против корупцијата во Република Македонија.

За таа цел ДКСК воспоставува соработка и конкретни проектни активности со меѓународните организации во Република Македонија, како и со сродни институции на други држави.

### IV.1. ТВИНИНГ-ПРОЕКТ ИПА 2010 „ПОДДРШКА ЗА ЕФИКАСНА ПРЕВЕНЦИЈА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА"

За работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата оваа година е особено значајна поради почнувањето на реализацијата на Твининг-проектот ИПА 2010 „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", во кој ДКСК се јавува како главен корисник координатор, носител и спроведувач на активностите. Се работи за проект креиран од ДКСК со којшто низ четири компоненти се предвидува да се зајакне антикорупциската правна и институционална рамка со создавање нови можности сите институции вклучени во борбата против корупцијата во Република Македонија да испорачаат ефикасни и конкретни резултати во совладувањето на корупцијата во нашата земја. Познато е дека во сите европски извештаи за напредокот на Република Македонија во евроинтегративните процеси е потенцирано дека е направен напредок на нормативен план и дека треба да се очекуваат практични резултати од подобрувањето на законите. Подолго време ДКСК овој проблем го има согледано и како отсуство на консолидирани бази на податоци по различни институции и на можноста тие да се користат во процес на врзано постапување со кој единствено може да се постигнат видливи практични резултати. Оттаму, уште пред аплицирањето на проектот со Одлука на Владата на Република Македонија беше поддржана изработката на Методологија за релевантен статистички систем за следење на случаите на корупција и спроведување на антикорупциските политики, така што останува во рамките на ИПА-проектот да се операционализира спроведувањето на оваа методологија. Тоа практично значи дека составен дел на овој проект е воведувањето електронски бази на

податоци и нивно поврзување во контролата на имотната состојба на службените лица со цел доследна примена на законските норми на превентивен и репресивен план. Исто така проектот се однесува на подобрување на изборната регулатива и практика во Република Македонија и финансирањето на политичките партии, а особено е важно што со проектот ќе се направи значаен чекор кон ефикасна примена на конфискацијата во спречувањето на корупцијата на начинот на кој оваа мерка се применува во високоразвиените земји.

Треба да се потенцира дека како апликанти за учество за реализацијата на овој проект се јавија десетина најразвиени земји во Европа, од кои ДКСК во соработка со министерствата за правда и за финансии, како и со Делегацијата на Европската Унија во Македонија, се определи како партнер да ја прифати понудата на Сојузна Република Германија. Избран е твининг-партнерот – Сојузното биро за администрација (BVA) на Сојузна Република Германија, кое понуди решенија што најмногу ќе ѝ бидат од полза на нашата земја. Проектот ќе трае 24 месеци и официјално треба да започне во првата половина на 2014 година.

Поконкретно, проектот содржи повеќе компоненти, меѓу кои е предвидено создавање нови решенија за:

- проверка на имотната состојба и на интересите на службените лица (процена на постојните бази на податоци и нивно поврзување за електронска размена на податоци);
- софтверско решение за подготвената Методологија за релевантно статистичко следење на случаите на корупција и спроведувањето антикорупциски политики;
- воспоставување регистар на службени лица што имаат законска обврска да достават анкетни листови и изјави за интереси;
- нов начин на управување конфискуван имот;
- практично воведување на системот на интегритет во приватниот и во јавниот сектор;
- повеќе алатки за практична работа на сите надлежни институции во спречувањето на корупцијата и на судирот на интереси.

## IV.2. ПРОЕКТ „ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АНТИКОРУПЦИСКАТА ПОЛИТИКА“

Државната комисија за спречување на корупцијата во текот на 2013 година ја продолжи веќе воспоставената партнерска соработка со Мисијата на ОБСЕ и го имплементираше проектот „Промовирање на принципите на добро владеење во спроведувањето на антикорупциската политика“.

Проектот ги опфати следните компоненти:

1) подготвување три извештаи за квалитативна анализа и оцена на три сектори од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси, со Акционен план 2011-2015, врз основа на методологијата на Системот на национален интегритет,

2) спроведување три тематски истражувања на перцепцијата на граѓаните за проблемот со корупцијата во три сектори од Државната програма, и

3) градење на капацитетите на ДКСК и промовирање транспарентност и меѓуинституционална соработка.

Резултатите од трите компоненти ќе се користат за подигање на свеста на јавноста и за јавни дебати. Тематските извештаи од квалитативната анализа и извештаите од истражувањето ќе содржат препораки упатени до јавните институции што се одговорни за преземање мерки за спречување на корупцијата, првенствено ДКСК.

Квалитативните анализи и истражувањата на перцепцијата на граѓаните се однесуваа на политичкиот сектор, приватниот сектор и на локалната самоуправа. За овие сектори беа организирани тркалезни маси, како и јавни дебати, на кои беа презентирани резултатите од истражувањата. По спроведените активности беа подготвени извештаи што ќе бидат публикувани во текот на 2014 година. Извештаите содржат наоди, заклучоци и препораки врз основа на кои ДКСК, но и другите институции, ќе може да ги насочат своите надлежни постапувања со цел градење на стратегиски пристап за превенирање на состојбите со корупцијата. Истовремено истражувањата овозможија да се согледа мислењето на граѓаните, но и подигнување на нивната информираност за состојбите со корупцијата во овие сектори.

На полето на меѓународната соработка, како дел од третата компонента на овој проект, беше организирана работна средба на која беа разменети искуства за конкретни активности и беше потпишан Протокол за соработка меѓу ДКСК и каталонската Служба за борба против измами.

## IV.3. ПРОЕКТ „ПОДДРШКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ИНТЕГРИТЕТ НА НАЦИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО“

Во текот на 2013 година ДКСК ја продолжи соработката со канцеларијата на УНДП во нашата земја. Како продолжение на овој проект што започна во текот на 2012 година и во чии рамки беше изграден автентичен пристап на концептот на интегритет и спроведен во девет пилот-општини, во 2013 година започнаа активности за негово воведување уште во 15 општини. Со поддршка на УНДП, ДКСК подготви и публикува „Прирачник за интегритет и судир на интереси“, кој беше поделен во единиците на локалната самоуправа и се користи како алатка во обуките што ги спроведува ДКСК.

На полето на меѓународната соработка, УНДП и ДКСК во партнерство со фондацијата Конрад Аденауер од 4 до 6 октомври 2013 година организираше паралелен настан: Регионална конференција за идентификување и справување со ризиците од корупцијата на локално ниво во земјите на Источна Европа и Заедницата на независни држави, како и семинар за добро владеење на локално ниво.

## IV.4. ПРОЕКТ „АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА“

Државната комисија за спречување на корупцијата во соработка со Центарот за граѓански комуникации и со финансиска поддршка на Амбасадата на Кралството Норвешка во Република Македонија од почетокот на 2012 година започна со реализација на активностите од проектот „Антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“.

Врз основа на целите на проектот и обезбеденото позитивно стручно мислење од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука го поддржа и даде согласност за спроведување на проектот.

Проектот има цел да се изработи антикорупциска програма за едукација на учениците во основните училиштата и да се афирмира потребата од воведување на овие програми во редовната настава во образованието, како фундаментален чекор кон градење активно граѓанство меѓу младите луѓе и системско менување на сегашната култура на прифаќање на корупцијата.

Согласно со утврдените проектни активности за остварување на целите, ДКСК започнувајќи од мај 2012 година реализираше неколку активности -

формиран е експертски тим за утврдување на содржината и формата на антикорупциските предавања и за подготвување на Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта, а во јуни 2012 година е одржана работилница со претставниците на експертскиот тим на која се работеше на креирање и развивање на Програмата, подготовка на Анкетниот прашалник за препознавање на корупцијата и судирот на интереси соодветен на возраста на учениците и Прирачникот за наставниците што ќе ги спроведуваат предавањата.

Со донесувањето на Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта спроведени се антикорупциски предавања најнапред во четири пилот-основни училишта во Република Македонија, и тоа: во Скопје училиштата „Димитар Миладинов“ и „Јан Амос Коменски“, во Гостивар училиштето „Гоце Делчев“ и во Штип училиштето „Ванчо Прке“ .

Согласно со препораките на Министерството за образование и наука, предавањата планирани во Програмата се изведуваа во вонnаставните активности во рамките на предметот Граѓанско образование, со ученици од седмо одделение. Опфатени се околу 100 ученици од наведените училишта.

Во рамките на оваа програма изработен е промотивен материјал - постери и тетратки со основното мото на проектот „Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш“.

Државната комисија за спречување на корупцијата за сите преземени активности од Проектот го известуваше Министерството за образование и Бирото за развој на образованието и до нив ги достави сите документи што беа донесени во рамките на проектот.

Во јануари 2013 година подготвена е првата анализа на прашалниците со заклучни согледувања за одговорите на учениците, а подоцна и втората анализа на прашалниците, која беше заокружена во финален извештај на крајот на мај.

Во овој проект спроведен е конкурс за избор на најдобри ученички творби на теми поврзани со корупцијата, подготвени од страна на учениците од четирите пилот-основни училишта. Доделени се дипломи и книги за најдобрите творби, благодарници за учество на сите кандидати и на училиштата за поддршката за реализација на проектот.

Во наредниот период до Министерството за образование и наука е препорачано да се воведат антикорупциски содржини во сите училишта, прво како вонnаставна содржина, а потоа и во редовната настава.

Од страна на Министерството за образование и наука изразена е целосна поддршка за реализација на овој проект.

## V. ЕДУКАЦИЈА

Остварувајќи ги своите законски обврски на планот на јакнење на превенцијата од корупција и судир на интереси, ДКСК во извештајната 2013 година спроведе:

-Во организација на Академијата за судии и јавни обвинители шест обуки на следните теми:

- „Прекршоци според Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии“,
- „Транспарентноста во функција на превенција на корупцијата во правосудството“,
- „Судир на интереси/анкетни листови“,
- „Етички кодекс/конфликт на интереси /антикорупциски мерки“,
- „Инкриминации во врска со поткупот/поткуп на службени лица /домашни и странски арбитри“ и
- „Судска етика и борба против корупцијата во правосудството: компаративни искуства и заеднички предизвици“.

-Во организација на Министерството за информатичко општество и администрација, четири обуки на темата „Антикорупциски мерки и етика во државната служба”, и

-Во соработка со ресорните органи вкупно десет обуки за вработените во Министерствата за одбрана, образование и наука, труд и социјална политика и во Управата за јавни приходи.

## *VI. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА*

### VI.1. СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИТЕ СО НАДЛЕЖНОСТИ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ - ПОТПИСНИЦИ НА ПРОТОКОЛ ЗА СОРАБОТКА

Државната комисија за спречување на корупцијата тргнувајќи од својата со закон утврдена улога во борбата против корупцијата и судирот на интереси, во соработка и координација со други 10 институции што имаат одредени надлежности во справувањето со корупцијата и судирот на интереси, на 25.12.2007 година го потпишаа Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: Протокол за соработка). Заклучно со 2013 година, Протоколот за соработка дополнително го потпишаа уште 7 институции, по што вкупниот број на институциите-потписници се зголеми на 18.

Согласно со Протоколот за соработка, Државната комисија за спречување на корупцијата има воспоставено размена на службени информации на дневна основа со цел зголемување на ажурноста и ефикасноста во постапувањето на вклучените институции. Во подготвувањето на стратегиските документи во спречувањето на корупцијата во одделни сегменти и институции од системот се остварува непосреден удел и на ДКСК, со што се афирмираат нејзините стручни укажувања.

По иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата се одржаа повеќе работни средби со Јавното обвинителство на Република Македонија, на кои се разгледаа повеќе прашања во врска со иницијативите за кривично гонење на ДКСК и јавнообвинителското постапување.

Исто така согласно со Протоколот за соработка, по завршувањето на локалните избори 2013 година, ДКСК иницираше средба со највисоките претставници на Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија. ДКСК изработи и со овие две институции потпиша Меморандум за соработка за спроведување на одредбите за финансирање на изборната кампања и размена на информации за утврдени неправилности во врска со доставените финансиски извештаи, што стана обврска што ја утврди Изборниот законик на Република Македонија.

Во 2013 година ДКСК продолжи со соработката со институциите-потписници на Протоколот за соработка и во делот на спроведување обуки на теми од областа на корупцијата и судирот на интереси.

Досегашниот степен на реализација на целите на Протоколот за соработка вклучените институции го оценија како мошне позитивен, при што како следни чекори се договорени заедничката работа на стручни тимови по одделни посебно сложени корупциски случаи, како и во заедничката подготовка на потребните измени во законите од одделни области сè со цел меѓуинституционалната соработка во Република Македонија да покажува далеку поопипливи и поконкретни резултати во спречувањето на корупцијата во практиката.

## VI.2. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

ДКСК во 2010 година потпиша Меморандум за заемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси со невладиниот сектор, поточно со 17 граѓански организации, кон кои се приклучија уште 4 здруженија, така што сега во оваа мрежа на соработка ДКСК е вклучена заедно со 21 граѓански субјект. Во текот на 2013 година се реализирани низа активности во насока на продолжување и интензивирање на соработката преку конкретни форми на меѓусебно информирање, учество во заеднички активности, обуки и проекти со цел остварување повисок активитет на граѓаните и на нивните здруженија во препознавањето и спречувањето на корупцијата и судирот на интереси. Претставници од фондации и здруженија на граѓани учествуваа на неколку настани - конференции, работилници и тркалезни маси во организација на ДКСК. Така, резултат за оваа делотворна соработка е вклучувањето на Центарот за граѓански комуникации во проектот што Државната комисија за спречување на корупцијата го реализира во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование започнат во 2012 година, а во рамките на кој минатата година беа остварени низа активности за вклучување на антикорупциски содржини во образовниот систем на Република Македонија.

Во септември 2013 година, Државната комисија за спречување на корупцијата учествуваше на Конференција за промоција на Програмата на УСАИД за борба против корупцијата, во организација на фондацијата Македонски центар за меѓународна соработка. Во рамките на Програмата на УСАИД за борба против корупцијата, која Македонскиот центар за меѓународна соработка ја спроведува во соработка со Институтот за демократија „Социетас цивилис“, Асоцијацијата за демократски иницијативи и Транспарентност Македонија, претставници од ДКСК учествуваа на работилница за методологија

на Системот за следење на корупцијата развиен од Центарот за изучување на демократијата од Република Бугарија.

Освен тоа, во соработка со коалицијата „Сите за правично судење“ беа презентирани резултатите од извештајот „Судска ефикасност во справувањето со организираниот криминал и корупцијата“ во рамките на проектот „Следење на предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата“.

## VII. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Преку различни форми на односи со јавноста ДКСК настојува континуирано да нуди информации за своето постапување и за прашања што се наметнуваат како актуелни од аспект на препознавање и спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Сите позначајни пишани документи ДКСК ги објавува на својата веб-страница, а некои посебно ги проследува до одделни корисници на информации од областите на нејзиното дејствување. Во таа насока, во текот на 2013 година на веб-страницата на ДКСК се објавени 48 информации за тековното работење на Државната комисија за спречување на корупцијата, за случаи на корупција и судир на интереси.

Во извештајната година ДКСК настојуваше да реагира на секое барање од медиумите преку давање коментари или стручни мислења со цел помагање во квалитетното информирање на јавноста за актуелни прашања од областа на корупцијата и судирот на интереси. Дадени се повеќе интервјуа по електронските и пишаните медиуми, учества во телевизиски и радиоемисии за актуелни прашања од делот на корупција, судир на интереси, како и од аспект на следење на имотната состојба на функционерите.

## *VIII. ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР*

Во Република Македонија едно од основните права на граѓанинот - слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информациите е операционализирано во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кој се обезбедуваат јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и се овозможува физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Тргнувајќи од начелото на јавност утврдено во Законот за спречување на корупцијата, при тоа имајќи предвид дека јавноста и отвореноста во работењето се во функција на мерките и активностите што ги презема Државната комисија за спречување на корупцијата, ДКСК со посебен професионален однос пристапува кон предметите што се заведени по доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Така во текот на 2013 година до Државната комисија за спречување на корупцијата беа поднесени 21 писмено барање за пристап до информации од јавен карактер.

ДКСК по сите поднесени барања постапи во законскиот рок, утврден во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Од вкупно поднесените 21 барање за пристап до информации од јавен карактер, позитивно е одговорено на 20 барања, а 1 барање е одбиено согласно со членот 6 став 1 точка 5 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 86/08 и 06/10).

Во предметите заведени по барања од страна на баратели се поднесени 4 жалби, од кои 3 жалби се усвоени, а се однесуваат на информации што ДКСК ги има објавено на својата веб-страница и затоа ги има упатено барателите информациите да ги повлечат по електронски пат. Една жалба е одбиена како неоснована.

**Табеларен преглед**
**за постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**
( за период од 1.1.2013 до 31.12.2013 година)

| **Број на поднесени барања** | **21** |
|---|---|
| **Број на решени барања** | 21 |
| **Број на позитивно одговорени барања** | 20 |
| **Број на одбиени барања** | 1 |
| **Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци)** | 4 |
| **Број на усвоени жалби** | 3 |
| **Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер** | 3 |
| **Број на одбиени жалби** | 1 |
| **Број на отфрлени жалби** | 0 |
| **Број на случаи на молчење на Комисијата за СПИЈК** | 0 |
| **Број на барања за поведување на прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки** | 0 |
| **Број на изречени прекршочни санкции** | 0 |
| **Број на поведени управни спорови против конечна одлука на Комисијата за СПИЈК** | 0 |
| **Број на донесени судски одлуки** | 0 |

## *ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА*

**1. Извештајот за работата и за преземените мерки и активности на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2013 година се однесува на година во која е работено на доследна и целосна реализација на надлежностите и обврските на ДКСК што произлегуваат од законите за чија реализација е основана, на приоритетните задачи што произлегуваат од евроатлантските интеграциони процеси на Република Македонија, препораките на ГРЕКО и ОБСЕ-ОДИХР, тековните проблеми и состојби во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси во земјава. Годишниот извештај во исцрпниот приказ на работењето ги следи законски утврдените надлежности на ДКСК, како и сите активности и преокупации на ова специјализирано антикорупциско тело на планот на стратегиското планирање во борбата против корупцијата, превенцијата и репресијата како клучни подрачја на дејствувањето.**

**2. ДКСК по 12 години од нејзиното основање во кои е стекнато значајно практично искуство што треба да ја зајакне нејзината улога во непосредното спречување на корупцијата, останува и натаму без неопходното материјално и кадровско зајакнување. Буџетот од година во година е во основа во ист износ, кадарот дури и се намалува, а законските норми, особено практичните алатки што ѝ стојат на располагање на ДКСК се недоволни за нејзино поефикасно постапување и работење. Ова уште повеќе што постојано се зголемуваат обврските што произлегуваат од европската претпристапна агенда, како и оние со чија реализација треба да се постигнат конкретни и опипливи резултати.**

**3. Во реализацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план 2011-2015 година во 2013 година е забележан солиден степен на остварување на утврдените активности по сектори и по обем, при што е факт дека овој вид стратегиско планирање што и во процесот на креирање и во текот на реализацијата на планираното ги вклучува сите институции во системот, дава конкретни и опипливи позитивни резултати. Тие придонесуваат за градење оцена дека Република Македонија на нормативен план има создадено солидна база за спречување на корупцијата и дека треба да се зголемат практичните ефекти од неа. Следејќи го сиот процес ДКСК како неповолно го оценува несоодветното редефинирање и пренасочување на**

**одделни утврдени активности од Програмата при нивната конкретна практична реализација.**

**4. Практичното искуство и неоспорното значење на меѓуинституционалната и меѓународната соработка во ефикасното спречување на корупцијата придонесува ДКСК со посебно внимание и напори да ја развива токму таа компонента од својата работа. Воспоставената солидна база на соработка со институциите со надлежности на полето на корупцијата, граѓанскиот и приватниот сектор веќе дава резултати што на планот на проектното работење го компензираат и силно го поттикнуваат финансискиот и стручниот аспект од работењето на ДКСК како водечки и координативен фактор. Во 2013 година се направени сите подготовки за почнување на реализација на Проектот ИПА 2010 чиј главен корисник е ДКСК, а со кој значително ќе се подобрат институционалните капацитети на сите други органи и институции во Република Македонија задолжени за спречување на корупцијата. ДКСК во УНДП и во ОБСЕ има постојани проектни партнери во сите изминати години.**

**5. Во 2013 година посебна активност е развиена во локалната самоуправа за создавање основа за развој на новиот антикорупциски концепт на воспоставување на системот на интегритет чија суштинска компонента е од етичка природа. Создавањето етички алатки и свест што ќе продуцира отпорност кон корупција на системско ниво допрва ќе треба да се развива така што е потребно вниманието во носечките институции да се сврти кон ова прашање. ДКСК укажува дека досега се нема доволно слух за јакнење на оваа етичка компонента, па реализацијата на задачите од овој вид изостанува.**

**6. Постапувањето во врска со локалните избори 2013 година, на што во голема мера беше насочено вниманието на ДКСК, покажа дека е потребно да продолжи процесот на доработка на регулативата што се однесува на корупцијата во политиката, изборите и финансирањето на политичките партии и кампањи. ДКСК како квалитетно го оценува своето учество во овој процес, цени дека нејзините досега прифатени предлози и сугестии се покажуваат соодветни и дека е неопходно да бидат вклучени преостанатите барања со цел јакнење на интегритетот, транспарентноста и отчетноста во оваа сфера.**

**7. Како заклучок од практичната работа на Државната комисија на конкретни случаи на корупција и судир на интереси што произлегува и од направените истражувања, се наметнува потребата од зајакнување на казнената политика во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси како во поглед на предвидените казни и глоби и нивното доусогласување соодветно на степенот на општествената опасност, така и во оперативната сфера при изрекувањето на санкциите.**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**